Билтен Мај
Volume 2, Issue 6

# Билтен на ССНМ

ССНМ
Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

Заедно сме посилни...

*Во овој број:*

ССНМ во Брисел 2
Одбележан 3 Мај 4
Кампања „Став, не страв“5
Правилник за правна помош 7
Изберете свој синдикален претставник 8



## Новинарите го добија судскиот спор со ТВ ПИНК-15

Првата судска акција што ја поведе ССНМ, тужба на седум новинари против телевизијата Пинк 15 за неисплатени плати и придонеси, заврши успешно. Судот донесе решение во полза на новинарите и тужените плати беа исплатени. Но сопственикот на ТВ Пинк15 на криминален начин избега од државата, ја изнесе опремата , поради што судските трошоци за постапката на Синдикатот останаа неисплатени како и платите на останатите вработени. Поради тоа на 17 мај беа одржан протест пред српската амбасада во Скопје. До амбасадата беше предадена протесна нота од ССНМ и новинарите кои беа измамени од страна на сопствениците за 8 неисплатени плати. Синдикатот во соработка со колегите од Србија планира да го крене гласот за ова и во Белград. Воедно преку македонската амбасада е испратено барање за надомест на судски трошоци и неисплатени плати до официјален Белград бидејќи станува збор за измама од страна на српски државјанин Жељко Митровиќ кој е сопственик на ТВ Пинк.

## Судењата одат бавно, но има поместувања

Синдикатот обезбедува бесплатна правна помош во повеќе судски спорови на нелегално избркани членови од нивните работни места Иако законскиот рок за завршување на работните спорови е шест месеци, сведоци сме дека тие траат два и три пати подолго. И покрај сите опструкции (закажувања на рочишта во неработни денови, отсуство на тужената страна, нерегуларно предадени покани), убедени сме дека на крајот на краиштата законите ќе мора да се почитуваат и правдата ќе победи. Во меѓувреме давајќи им јавност на проблемите влијаеме на тоа многу работодавачи да ги напуштат срамните методи на кршење на правата на медиумските работници. Ретко кој сега се осмелува да отпушти со спогодбен отказ, а и ако го стори тоа знае дека ќе мора да оди на суд, се повеќе медиумски работници се пријавуваат , платите не се даваат на рака. Со еден збор менаџерите се свесни дека медиумската заедница е решена да возврати и дека повеќе нема да молчи. .

## ССНМ на меѓународна панел дискусија за состојбите во медиумите во Западен Балкан



Претседатеката на на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници Тамара Чаусидис, на покана на Германските новинарски синдикати, учествуваше на панел-дискусијата за состојбите во медиумската сфера во земјите од Западен Балкан. Чаусидис на оваа дискусија, на која меѓу другите учествуваше и претседателот на Комитетот за надворешни работи на Европскиот парламент Елмар Брок, како и повеќе претставници на новинарски асоцијации од земјите од регионот, ги запозна учесниците со најгорливите проблеми со кои се соочуваат медиумските работници во Македонија – нерегулираниот хонорарен статус, девастирањето на дописничката мрежа, селективното делување на инспекциските органи, нелегалните отпуштања од работа итн.



## Средба со Ричард Хјуит

*"Договорено е и воспоставување на директна комуникација меѓу Синдикатот и известувачот за Македонија Ричард Хуит."*

Претседателката на ССНМ во Брисел имаше средба и со членот на Комитетот за надворешни работи на Европскиот парламент и специјален известувач за Македонија Ричард Хјуит. При тоа, Чаусидис го информираше Хјуит за состојбите во медиумската сфера во Македонија, потенцирајќи го целосното отсуство на социјален дијалог меѓу медиумската заедница и претставниците на Владата, но и работодавачите. Договорено е и воспоставување на директна комуникација меѓу Синдикатот и европретставникот, која ќе се однесува на сите прашања што ги засегаат професионалните права на медиумските работници, вклучувајќи го тука и правото на регулирани работни односи, како и правото на соодветно материјално вреднување на вложениот труд.

## Нема да замолчиме!

Синдикатот нема намера да прекине со своите меѓународни активности и да ги предупредува европските институции за катастрофалната состојба на вработените во македонскиот медиумски простор, барем до оној момент додека не види искрена волја од надлежните фактори овие проблеми да се разрешат

# Синдикатот – полноправна членка на Европската федерација на новинари

На 25 април во Брисел Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници стана полноправна членка на Европската федерација на новинарите (EJF) како дел од Меѓународната федерација на новинарите (IFJ). Паралелно со ова ССНМ останува придружна членка на IJF. Членството не значи само меѓународна потврда и надворешно признавање на Синдикатот како фактор во моделирањето на социјалната ситуација на новинарите и медиумските работници, туку уште повеќе, во ситуација на целосно отсуство на социјален дијалог во земјата, членството во овие реномирани организации овозможува битката за работните права на новинарите и медиумските работници на извесен начин да се интернационализира и на тој начин да се изврши сериозен притисок врз Владата, но и врз другите надлежни органи (судството) за да се стаса до целта – целосното остварување на правата на вработените во медиумската сфера.

# ЕЕСК:Слободата на медиумите е топ приоритет

ССНМ на 12 април во Брисел учествуваше на форумот за слободата на медиумите во Западен Балкан во организација на Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК). Пред членовите на комитетот ССНМ ги презентираше клучните прашања и проблеми на медиумската сфера како што се селективното и нетранспарентно рекламирање на Владата и јавните институции, клеветата и навредата како начин на дисциплинирање на медиумските професионалци и работните услови преку кои тие се држат под контрола.

Во дискусијата стана збор и за најавите за Закон за медиуми во Македонија за кои медиумската заедница, вклучително и Синдикатот нема ниту јасни информации , а уште помалку се вклучени во процесот на неговото конципирање.

Од страна на членовите на ЕЕСК беше побарано од Европската комисија да се преземат конкретни чекори и да се изврши силен политички притисок врз владите во регионот за да се испрати недвосмислена порака дека слободата на медиумите мора да биде третирана како врвен приоритет доколку се сака членство во ЕУ.



*Во специјалниот дијалог меѓу Македонија и ЕК – слободата на медиумите е поставена како топ приоритет.*

# На 3 Мај немавме причина за славење

*“Кога се зборува за условите во кои работат новинарите не станува збор за прашањата за тоа како е уредена нивната канцеларијата, дали има цвеќиња или клима уред, туку за прашања кои се неопходни услови за квалитетен и етичен медиум . “*

Состојбата со слободата на медиумите од година во година се влошува. Она што ние веќе го знаеме, беше препознаено и од меѓународните организации кои ги следат состојбите во оваа сфера. Последни сме во регионот на листата на Фридом Хаус, а рангирањето на Репортери без граници годинава не спушти за 26 места. Основните проблеми за кои на заедничка прес конференција по повод 3 Мај проговорија ЗНМ и ССНМ се лоцирани во политичките и економските притисоци, заканите со откази и тужби за клевета и навреда, неефикасноста на судството во спроведувањето на работните спорови и недостојниот статус на медиумските работници Како резултат на тоа се развива културата на страв, а новинарите остануваат замолчени и на периферијата на општествените текови. Особено се таргетирани активистите и колегите со професионален и човечки интегритет .Се убива ентузијазмот на младите, се крши духот на постарите а резултат е понижена и замолчена професија

# Нема социјален дијалог во медиумската индустрија!

*Многу новинари се задушуваат во бездушниот конформизам кој владее во редакциите*

Во јануари 2012 ССНМ одговори на поканата на ЗНМ, да учествува во делот на дијалогот што се однесува на социјалните прашања и работните услови на нашите коелги. Беа остварени три средби, на кои претставниците на ССНМ укажаа на најгорливите проблеми со кои се соочуваат вработените во медиумскиот сектор, пред се на неоснованите отпуштања од работа, намалувања на правата на вработените, на хонорарни статуси итн., но на овие разговори не се постигна никаков напредок, освен договор – дека ќе има уште една средба. Во таква ситуација, Синдикатот уште во средината на април испрати порака до Министерството дека нема намера да учествува во разговори, на кои единственото што се договара е следен состанок и дека, конечно, нема намера да преговара за доследно спроведување на законите! **ССНМ не е за парадни средби и глумење дијалог без никакви резултати!**

# Кампања „Став не страв“




Со поддршка на Канцеларијата на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиуми Дуња Мијатовиќ ССНМ на крајот од 2011 доби можност да подготви едукативен и промотивен матерјал за информирање на медиумските професионалци за потребата од заштита на работничките права преку синдикално организирање.
За таа цел се подготвени брошура, флаер и промотивен спот

*"Синдикатот и натаму ќе продолжи да дава бесплатна правна помош на своите членови, а останува отворен и за сите совети од овој вид."*

# За правата од работен однос – Q&A

Во рамките на кампањата „Став, не страв“ во јануари и февруари 2012 сите заинтересирани медиумски работници имаа можност да постават прашања за нивните работни и професионални права и да добијат бесплатен правен совет. На адресата на ССНМ беа испратени повеќе прашања на кои се дадени стручни одговори. Станува збор за одговори кои можат да ја зголемат информираноста на медиумските професионалци со што се намалува можноста за нивна злоупотреба и манипулација. Прашањата и одговорите можете да ги проследите на следниов линк

## За Законот за медиуми

*"Не прифаќаме да бидеме само декор на еден процес од кој зависи иднината на медиумската индустрија, а со тоа и иднината на работните места на нашите членови."*

Извршниот одбор на ССНМ на седницата одржана на 8 декември заседе став во однос на контроверзните најави за Закон за медиуми или како велат, "регулатива за усогласување со ЕУ". ССНМ не се согласува со начинот на кој Министерството за транспорт и врски го постави и го менаџира наметнувањето на темата за законска регулатива. Синдикатот на новинарите и медиумските работници инсистира да биде суштински вклучен во дебатата за потребите од Законот или регулативата за медиуми, а доколку се оцени дека неговото донесување е неопходно да биде дел од работните групи составени пред се од претставници на медиумската заедница . Не прифаќаме да бидеме само декор на еден процес од кој зависи иднината на медиумската индустрија, а со тоа и иднината на работните места на нашите членови.ССНМ бара директна и одбива да прифати консултативна вклученост во тој процес.

## Владата е одговорна за состојбата во медиумите



*Црвеното светло е одамна запалено*

Повеќе од кога и да е медиумските работници се соочуваат со сè поголема невработеност, со работни договори кои не им обезбедуваат никаква социјална и економска сигурност, со директни закани со отказ или казни.
Иако формално со Закон е дозволено, во пракса членувањето во Синдикатот се смета како акт на нелојалност на работникот кон менаџментот и се обесхрабрува на сите можни начини. Поради ова, за жал, многу наши колеги се соочуваат со неправди и кршење на нивните права сосема сами, без каква и да е колективна заштита.
Владата е таа која е одговорна да создаде услови и амбиент во кој колективната заштита и социјалниот дијалог и во приватната и во јавната сфера би биле можни и загарантирани.
Бидејќи таа се однесува индиферентно и незаинтересирано – сопствениците на медиумите, работодавачите и нивните вазали одат и ќе одат сè подалеку во кршењето на елементарните права на вработените што денеска и се случува.

*"Владата мора да создаде услови за колективна заштита и социјален дијалог"*

# Правилник за правна помош

Соочени со фактот дека дел од колегите кои ја користат правната помош и бесплатното застапување на суд не плаќаат членарина се покажа неопходно да ги дефинираме условите под кои ССНМ обезбедува адвокат. Имено,членовите кои редовно плаќаат чланарина од која главно се финансира правната помош се во неповолна позиција од оние кои се зачленуваат во ССНМ , добиваат правна помош, а потоа не ја исполнуваат својата обврска да плаќаат месечен надомест кој најчесто е 50 денари бидејќи станува збор за невработени (отпуштени) лица кои по тој основ тужат. Во дефинирањето на условите го користевме Правилникот на колегите од Хрватска и го приспособивме на наши услови односно ги намаливме обврските на членовите кон ССНМ.

Тоа значи дека во иднина за некој да добие правна помош услов е прекршувањето на правото од работен однос да се случило додека е наш член и редовно плаќа чланарина. Воедно потребно е и да потпише Договор за застапување каде прецизно се дефинираат правата и обврските на Синдикатот и на корисникот на правната помош. На тој начин ќе избегнеме ситуации да застапуваме колеги кои се избришани од евиденцијата затоа што подолго од три месеца не платиле членарина. Воедно ИО реши во интерес на колегите кои веќе водат судски постапки и покрај тоа што не се повеќе наши членови да не ја повлекува правната помош бидејќи со тоа ќе им биде нанесена голема штета, но во иднина да постапува согласно Правилникот

# In memoriam

По долго и тешко боледување во февруари почина новинарката и претседателка на Синдикатот на весникот ДНЕВНИК Натали Сотировска. Загубивме драга колешка, голем професионалец, борец за синдикалните права на своите колеги и човек со големо срце и храброст. Нека почива во мир.



Самостоен Синдикат на новинари и медиумски работници

Бул.Мито Х.Јасмин 22/17
1000 Скопје



Тел ++38922671201

E-mail:
ssnm.info@gmail.com
contact@ssnm.org.mk

Посети нè на интернет!

www.ssnm.org.mk

# Запомни!

Синдикатот ги обединува сите – независно од нивната партиска, етничка или каква било друга припадност , сите имаме ист интерес: подобри услови за работа и подобра плата.
Само здружени новинарите и другите медиумски работници можат да ги променат работите и да ги остварат своите интереси.
Без взаемна солидарност нема силен синдикат!
Не смееме да дозволиме да не исплашат заканите и забраните на сопствениците за формирање синдикат.Тоа е основно човеково право и неговото кршење е спротивно на законот, Уставот и меѓународните конвенции на кои Македонија е потписник

Силата на синдикатот е во неговото членство и подготвеноста на секој член поединечно да се бори за своите права

## Изберете свој синдикален претставник!

Секаде каде што има повеќе од 3 члена на ССНМ е можно да се формира синдикална група со свој синдикален претставник. Тој според ЗРО е заштитен од отказ и намалување на платата, но од друга страна е обврзан да биде на располагање на сите членови и да одговори на нивните синдикални потреби. Раководството на ССНМ ги добива информациите за случувањата во вашата работна организација и потребите на членството од вашиот синдикален претставник .Од него зависи дали и колку ССНМ ќе биде ангажиран за тоа што се случува во вашата организација. Свесни сме заобидите на менаџментот во повеќе медиуми да ги изолира синдикалните групи од раководството на ССНМ. Тоа е со јасна цел – така изолирани се повеќе подложни на притисоци.Затоа не дозволувајте да бидете изманипулирани—барајте ги вашите права!